# З А П И С Н И К
## Од вонредна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево одржа вонредна седница на ден 21.01.2016 година (Четврток) со пчеток во 17.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Драги Митев претседател на Советотна општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците: Катерина Филева Петревска, Верица Ичева, Гонца Димитриева и Сашко Димитриев.

На седницата присуствуваше Ванчо Стојанов - градоначалник на општина Василево и средствата за јавно информирање.

Претседателот на Советот на општина Василево Драги Митев пред да го предложи дневниот ред за работа на вонредната седницата ја стави на гласење оправданоста на итноста за свикување на вонредна седница. Од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема при што констатира Советот на општина Василево оправданоста на итноста за свикување на вонредна седница на Советот на општина Василево е усвоена.

За работа на вонредната седницата беше предложен следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**1.Предлог- Одлука** за поддршка на проектот „Заштита на животната средина во прекуграничниот регион Василево – Струмјани за подобрување на енергетската ефикасност“

**2. Предлог- Одлука** за поддршка на проектот „Развој на туризмот во прекуграничниот регион Василево – Струмјани, преку зачувување на локалните културни традиции“

**Ванчо Стојанов** градоначалник на општина Василево како предлагач на двете Предлог-Одлуки даде образложение за итноста за свикување вонредна седница. Рече дека се работи за аплицирање на општина Василево на повикот со Република Бугарија од ИПА- програмата 2014-2020 година. Последниот рок за аплицирање е до 25 јануари па во текот на утрешниот ден треба да бидат доставени документите од општина Василево во Р. Бугарија. Општина Василево ќе аплицира со два проекти од кој што првиот е во областа на енергетска ефикасност тука општина Василево ќе настапи со проектот „Енергетска ефикасност на училиштето во населено место Седларци“ каде што веќе има подготвено готов проект и се преведува на англиски јазик за да може да се аплицира во текот на утрешниот ден.
И вториот проект со кој што општина Василево ќе аплицира е од мерката за зачувување на локалните културни традиции односно од областа на културата за реконструкција на културниот дом во населено место Нова Маала. Итноста за свикување на оваа седница е поради краткиот рок за аплицирање каде што Советот на општина Василево мора да ги донесе овие две одлуки за да може општина Василево да аплицира. Во однос на вториот проект за Нова Малаа има забелешка која што треба да се корегира на местото каде што стои партнери општина Василево и општина Струмјани пак е општина Струмјани меѓутоа кај нив се вика народно читалиште

Климент Охридски општина Струмјани, меѓутоа тие имат посебна институција како културен дом се вика читалиште каде што партнерот ќе биде ,,Народно читалиште општина Струмјани.

Дневниот ред за работа на вонредната седница беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа „за“, „против“ и „воздржани“ нема.

**1.**

По отворената расправа по првата точка **Предлог- Одлука за поддршка на проектот „Заштита на животната средина во прекуграничниот регион Василево – Струмјани за подобрување на енергетската ефикасност“** немаше друг пријавено за збор, беше ставена на гласење и од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11 гласа „за“, „против“ и „воздржани“, нема.

2.

По отворената расправа по втората точка **Предлог- Одлука за поддршка на проектот „Развој на туризмот во прекуграничниот регион Василево – Струмјани, преку зачувување на локалните културни традиции“,** немаше друг пријавено за збор, беше ставена на гласење. Од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11 гласа „за“, „против“ и „воздржани“, нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот Драги Митев ја затвори вонредната седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на Општина Василево
Претседавач:
Драги Митев